## РЕЧ НА Д-Р ДИМИТАР ДИМЕСКИ, РАКОВОДИТЕЛ НА ННСГ ЗА ИСТОРИЈА, НА СВЕЧЕНАТА СЕДНИЦА НА ГРУПАТА ПОСВЕТЕНА НА ЛАУРЕАТОТ НА НАГРАДАТА АВНОЈ, ПРОФ. Д-Р ХРИСТО АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ (28. 12. 1983 год.)

Со чувство на радост и восхит ја отворам свечената седница на ННСГ за историја посветена на проф. д-р Христо Андонов-Полјански, годинашен лауреат на Наградата АВНОЈ од областа на историските науки.

Среќни сме и горди што меѓу нас живее и твори личност од авнојски масштаб. Посебно сме радосни што професорот Полјански стана добитник на највисокото југословенско општествено признание годинава, кога ги прославивме нашите знаменити јубилеи: 40-годишнината од Второто заседание на АВНОЈ, 40-годишнината од формирањето на КПМ и 80-годишнината од Илинденското востание.

Научниот опус на професорот Полјански евидентно ги персонифицира високите дострели на современата македонска историографија. Неговите творечки резултати станаа достоинство не само на македонската и југословенската, но и на европската и светската историографска ризница.

Ми чини посебна чест и задоволство што можам, во оваа прилика, накратко да се осврнам на личноста и делото на проф. Полјански.

Свесен сум дека тешко може да се долови многустраната личност на проф. Полјански. Да се говори за една од најмаркантните личности на современата македонска историографија не е ни најмалку лесно, ни едноставно. Оттаму можните недоречености се сосем нормална појава.

Проф. Полјански е виден македонски научник, педагог и општественик. Повеќе од три децении е присутен на македонската историографска сцена. Неговата животна сторија започна во Дојран во 1927 година. Меѓутоа, Скопје, главниот град на слободната македонска држава во братската Титова Југославија, станува негова *alma mater*. Авнојските и Асномските

светилници ја зацврстуваат неговата намера целосно да ѝ се посвети на историската наука, да го проучува и расветлува темното минато на сопствениот народ, да ги разобличува бескрупулозните фалсификати на македонската историја, да ги вреднува крупните настани од македонското минато. Безграничната љубов кон сопствениот народ, кон својата социјалистичка татковина и несомнениот афинитет кон историографијата го одведуваат на првиот македонски факултет, Филозофскиот, на првиот македонски универзитет, Скопскиот. Тој е меѓу првите запишани студенти на Филозофскиот факултет, меѓу првите дипломирани студенти на Скопскиот универзитет.

За неговиот буен развиток најдобро сведочи фактот дека некогашниот демонстратор израсна во познат и признат универзитетски професор. Тој е врсник на Скопскиот универзитет. Заедно со него чекори и тој кон парнасовските висини. Тој е првиот асистент по македонска нововековна историја, првиот доктор по историски науки (1958 г.) и првиот доктор-хабилитант на Скопскиот универзитет (1970 г.). Макотрпниот наставно-научен пат исполнет со самопрегор, жртвувања и ентузијазам, го доведе некогашниот пасиониран љубител на минатото на својот народ до редовен професор по општа историја на новиот и најновиот век, до предавач на постдипломските студии, до ментор на бројни магистранти и докторанти.

Проф. Полјански е врсник на современата македонска историографија. Тој, заедно со плејада македонски историографи, ги прави првите пионерски чекори кон веродостојно расветлување на движечките процеси во историјата на својот народ.

Широк е дијапазонот на неговиот предмет на научен интерес. Тој се протега од антиката до нашето современие, од македонската до југословенската, европската и светската историја, од прапочетоците до Марксовите, Енгелсовите, Лениновите и Титовските меридијани. Негова потесна специјалност е македонската историја во XIX и XX век.

Од првиот научен труд на проф. Полјански (во 1949 г.) нè делат речиси три и пол децении. Целиот тој период е исполнет со плодна научно-истражувачка дејност, со извонредни научни резултати достојни за респект.

Неговиот досегашен научен опус го красат близу половина илјада библиографски единици, близу 40 книги, што, секако, го вбројува во редот на најпродуктивните творци на современата македонска историографија.

Тајната на неговиот успех се крие во чудесниот сплет на обдареност, вродена интуиција, непресушна инспирација и труд. Него го краси неисцрпна енергија, нескршлива волја. Оттаму делото на Полјански заслужува одâ на трудот.

Неговиот незапирлив устрем кон светлините на историската вистина посебно доаѓа до израз во 60-те години кога започна да ја обнародува својата серија покрупни трудови, што го вброи во водечките творци на современата македонска историографија.

Секако, тоа е резултат на неговите неуморни повеќегодишни истражувања во југословенските, европските, а првенствено, во британските архиви.

Негови монументални досегашни остварувања се шесттомниот ненадминат опус за Г. Делчев (1972 г.) и петтомните Одбрани дела (1981 г.).

Во последно време сè појасно се назира мозаикот на импозантниот историографски проект: Македонија и светот, односно: Европа и Македонија. Покрај тоа, проф. Полјански е еден од авторите и креаторите на капиталните остварувања на современата македонска историографија: тритомната историја на македонскиот народ (1969 г.) и двотомните Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава (1981 г.) — чиј главен уредник беше тој.

Во неодамнешната ТВ емисија Поводи проф. Полјански, со право, рече: „Македонскиот народ веќе не се наоѓа во темнината на столетијата, туку, со сета оваа оригинална документација, со сето ова автентично сведоштво го потврдува своето постоење, своето место под сонцето и ја докажува својата историска перспектива".

За ова, секако, меѓу најзаслужните, се вбројува и тој.

Проф. Полјански е учесник на повеќе конгреси и научни собири. И не само тоа. Тој е воедно и душата на научните собири што ги организира нашиот Факултет — посветени на Маркс, Енгелс, Ленин и Тито.

Проф. Полјански го красат вонредни организаторски способности. Необично голем е неговиот придонес за развојот и растежот на Катедрата за историја, на Филозофскиот факултет, на Универзитетот „Кирил и Методиј", на Институтот за национална историја, на Архивот на Македонија, на НУБ „Климент Охридски", на РТВ Скопје и на др. културни институции во Републикава. Тој е еден од корифеите на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ и првиот главен и одговорен уредник на сп. Историја. Голем е неговиот придонес во уредувањето на Годишниот зборник на Факултетот, на Гласник на ИНИ, на Погледи и на др. публикации.

Проф. Полјански го красат и евидентни педагошки квалитети. Припаѓам на генерацијата што во 1959 година почна да ги слуша првите негови предавања. Тогаш нè импресионираше со својата младост, со својата ерудиција. Оттогаш па досега

сум во можност да ги следам неговите несомнени педагошки способности. Секогаш бил пристапен, отворен, комуникативен, алергичен на лажна дистанца, секогаш готов да им помогне на своите помлади колеги: на студентите, магистрантите, докторантите, на универзитетските соработници и наставници и на сите оние што изразиле желба да го чујат неговото компетентно мислење за историографски или животни проблеми.

Проф. Пoлјански е снажна индивидуа, со развиена самосвест, својствена за социјалистичката етика.

Најсвеж пример: тој претходно ги одржа предавањата и вежбите предвидени за 19 и 20 декември, т.е. за деновите кога требаше да му биде врачено највисокото југословенско општествено признание, Наградата АВНОЈ. Секој друг службено би отсуствувал, само не и тој.

Друг пример: пред неколку години за време на одржувањето на деновите на македонската култура во Велика Британија, проф. Пoлјански замина таму со тешка инфекција на вилицата, со можност од опасна здравствена компликација. Секој друг би се откажал, би зел оправдано боледување, само не и тој.

Проф. Пoлјански е виден општественик. Тој е активен субјект во работата на општествено-политичките и самоуправни органи на Факултетот и надвор од него. Меѓу другото, бил шеф на Катедрата за историски науки, продекан на Факултетот, а моментно се наоѓа на чело на највисокиот самоуправен орган на Факултетот, Факултетскиот совет. Претседава и членува во разни одбори и комисии. Меѓу другото бил претседател на Одборот за доделување на Наградата „Гоце Делчев", што претставува своевидно општествено признание на најдобриот познавач на Делчевата проблематика.

Импозантната актива на проф. Пoлјански на научно, педагошко и општествено поле, му донесе врвни општествени признанија и награди. Добитник е на Орден заслуги за народ со сребрена ѕвезда (1969 г.), Орден на трудот со црвено знаме (1978 г.) и на врвните републички награди: Наградата „11 Октомври" за научно дело (1972 г.) Наградата „Гоце Делчев" (1979 г.) и на највисокото републичко општествено признание — Наградата „11 Октомври" за животно дело (1981 г.).

Сета негова досегашна дејност ја крунисува Наградата АВНОЈ, највисоко југословенско општествено признание, што свечено му беше врачена неодамна, на 19 декември о.г. во Белград.

Наградата АВНОЈ претставува најголемо признание, првенствено за него лично, за нашата ННСГ, за нашиот Факултет и Универзитет, за југословенската историографија, за македонската научна мисла во целина.

Осврнувајќи се на импозантното дело на Полјански неодминливо ни се наметнува Бодлеровата мисла: „Трудот, силата која унапредува и акумулира, вродува камата како и капиталот, како во поглед на духовната моќ, така и во поглед на резултатите“.

На крајот, дозволете ми, од името на сите Вас уште еднаш му ја честитам на професорот Полјански Наградата АВНОЈ со желби за добро здравје, среќа и нови творечки резултати за доброто на сите нас, за просперитетот на нашата социјалистичка заедница.